Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр 01 – 1617/1
27-08-2024 2024 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 18 од Законот за Судскиот совет на РСМ („Службен весник на РСМ" бр.102/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија на 496-та седница одржана на ден 26.08.2024 година донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА КОРИСТЕЊЕ СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник за користење службен мобилен телефон се определуваат:
-начинот и постапката кои треба да се почитуваат и применуваат од корисниците при располагање со службен мобилен телефон, што подразбира, задолжување, користење и раздолжување;
-начинот на надоместување на потрошувачката повисока од определениот месечен износ од страна на корисниците, определена со Одлуката за определување на лимити за користење на службени мобилни телефони.

Член 2

Под службен мобилен телефон за потребите на овој Правилник, се подразбира мобилен телефонски апарат и СИМ картичка.

Член 3

Корисник на службен мобилен телефон во смисла на член 1 од овој Правилник е вработено лице во Судскиот совет на Република Северна Македонија кој користи службен мобилен телефон и СИМ картичка со или без ограничен месечен износ на потрошувачка (лимит).

Претседателот на Судскиот совет на РСМ донесува Одлука за определување на лимити за користење на службени мобилни телефони во која ги определува вработените во Советот кои имаат право на службен мобилен телефон, со или без лимит.

## III. ПОСТАПКА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ И РАЗДОЛЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

Член 4

Корисниците од член 3 лично се задолжуваат, односно потпишуваат Реверс (Образец 1) издаден од Судскиот совет на Република Северна Македонија кај лицето одговорно за следење на реализацијата на договорот за јавната набавка на мобилни телекомуникациски услуги во Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Член 5

При престанување на работниот однос или престанување на работниот ангажман, корисникот од член 3 е должен кај лицето одговорно за следење на реализацијата на договорот за јавната набавка на мобилни телекомуникациски услуги во Судскиот совет на Република Северна Македонија, да ја раздолжи СИМ картичката кој го користел, најдоцна 3 (три) дена пред истекот на рокот за одјавување или пред завршување на работниот ангажман.(Образец 2)

Доколку лицето од ставот 1 од овој член сака и натаму да го користи користениот број како приватен, истиот поднесува барање до Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија на одобрување, по што истото го доставува до лицето одговорно за следење на реализацијата на

договорот за јавната набавка на мобилни телекомуникациски услуги во Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Лицето одговорно за следење на реализацијата на договорот за јавната набавка на мобилни телекомуникациски услуги во Судскиот совет на Република Северна Македонија по достава на одобреното барање е должно веднаш да поведе постапка кај избраниот мобилен оператор за префрлање на службениот број како приватен број.

Сите евентуални трошоци кои можат да настанат при префрлањето на службениот број како приватен број ги сноси барателот.

## IV.КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

Член 6

Корисниците на службен мобилен телефон должни се да го користат истиот совесно и рационално, при што не е дозволено пренесување информации и податоци кои претставуваат класифицирани информации согласно со закон.

Во случај на констатирано неправилно користење, со решение на Претседателот на Советот се одзема правото на користење на службен мобилен телефон.

Во случај кога корисникот го изгубил или на друг начин констатира дека службениот мобилен телефон (мобилниот апарат) му исчезнал, должен е веднаш да го извести лицето одговорно за следење на реализацијата на договорот за јавната набавка на мобилни телекомуникациски услуги во Судскиот совет на Република Северна Македонија, со цел да се блокира СИМ картичката кај мобилниот оператор и истата да се стави надвор од употреба, како и да достави писмена изјава за конкретниот случај до Генералниот секретар на Судскиот совет на Република Северна Македонија со прилог Записник од МВР дека случајот е соодветно пријавен.

Корисникот на службениот мобилен телефон е должен да ги надомести сите трошоци, односно да го обесштети Судскиот совет на РСМ, за штетата што ја предизвикал поради непостапување согласно став 5 од овој член.

## V. ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СМЕТКАТА И НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ПРЕЧЕКОРУВАЊЕТО НАД ИЗНОСОТ ОД СМЕТКАТА ЗА КОРИСНИКОТ

Член 7

Корисникот на службен телефонски број е должен да потпише писмена изјава за согласност за надминување на месечен лимит, со која се согласува износот на сметката над дозволениот месечен лимит да го надомести од своите лични примања, односно се согласува тој износ при пресметката на плата да му биде одбиен од истата (Образец 3).

Во сметководството на Судскиот совет на РСМ се води месечна евиденција за сите корисници од член 3 на овој Правилник, врз основа и по добивање на податоци за месечните сметки на корисниците од избраниот економски оператор.

Сметководството на Судскиот совет на РСМ писмено ги известува корисниците за пречекорувањето на сметката, над износот утврден во Одлуката за определување на лимити за користење на службени мобилни телефони.

Член 8

Образец 1, Образец 2 и Образец 3 се составен дел на овој Правилник.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Образец 1

Бр.__________ __________

__________ ______20-- год.

СКОПЈЕ

# РЕВЕРС

На ----------------- на работно место --------- во Судскиот совет на Република Северна Македонија, му се предава на користење службен мобилен телефонски апарат, модел ---------------------------- и СИМ картичка со број --------------------.

По престанок на работниот однос именуваниот/-та е должен/-на да ја врати СИМ картичката во Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Предал

--------------------------------

Примил

--------------------------------

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Образец 2

Бр.______________________

_________________20-- год.

СКОПЈЕ

# ПОТВРДА

На ден -----------------, ----------------------------------, ја врати во Судскиот совет на Република Северна Македонија СИМ картичката за службениот мобилен телефонски број -----------, која му беше претходно дадена на користење.

Предал

------------------------------

Примил

------------------------------

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Образец 3

Бр.__________ __________

__________ ______20-- год.

СКОПЈЕ

Изјава на согласност за надминување на месечен лимит

Јас --------------------------- вработен во ----------------------------- согласен сум при надминување на месечниот лимит во износ од -------------------- да извршите надоместување на направеното пречекорување од моите лични примања.

ПОДНОСИТЕЛ НА ИЗЈАВА
(име и презиме с.р. потпис)

-------------------------------------